РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА – Скопје
KUVENDI I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT - Shkup

| ПРИМЕНО: | 06.03.2026 | | |
|---|---|---|---|
| Орг.Единица Njësia Org. | Број Numër | Прилог Shtojcë | Вредност Vlerë |
| 08 | 1931/1 | 0 | |

ДО
ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СОБРАНИЕТО НА
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 71 став 1 од Уставот на Република Северна Македонија и членовите 139, 144 и 175 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија, Ви поднесуваме Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за јавните набавки во областа на одбраната и безбедноста, по скратена постапка.

ПРАТЕНИЦИ:

Бојан Стојаноски
Драган Ковачки
Дафина Стојаноска

ПРЕДЛАГАЧ: група пратеници

ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЈАВНИТЕ НАБАВКИ ВО ОБЛАСТА НА ОДБРАНАТА И БЕЗБЕДНОСТА, по скратена постапка

Скопје, март 2026 година

ВОВЕД

I. ОЦЕНА НА СОСТОЈБИТЕ ВО ОБЛАСТА ШТО ТРЕБА ДА СЕ УРЕДИ СО ЗАКОНОТ И ПРИЧИНИТЕ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Јавните набавки од областа на одбраната и безбедноста се уредени со посебен Закон за јавните набавки во областа на одбраната и безбедноста кој донесен во 2019 година, и се базира на Директивата 2009/81/ЕУ. Законот обезбедува потребно ниво на транспарентност и ги транспонира основните начела во јавните набавки, истовремено водејќи грижа за посебните аспекти и природа на овој вид на набавки.

Последните години се појавија нови предизвици за националната безбедност на државата кои несомнено бараат проширување на опфатот на овој закон на одредени видови набавки, со цел да може да се адресираат ваквите предизвици со соодветни услови кои се предвидени во законот. Ова особено се однесува на системите на критична инфраструктура во информационите и мрежните системи без кои се доведува во опасност функционирањето на државата и обезбедувањето на основните функции на истата.

Од тие причини се конкретизира општиот опфат на законот со набавките кои се директно поврзани со развојот и одржувањето на критична инфраструктура на државата, како одговорен и доверлив партнер на НАТО.

При тоа, примената на овој закон на системите на критична инфраструктура во никој случај не ја намалува транспарентноста и отчетноста на овие постапки за јавни набавки, бидејќи постапките што се предвидени во Законот за јавните набавки од областа на одбраната и безбедноста се транспарентни и се применуваат и во класичните јавни набавки. Сите аспекти за постигање на потребното ниво на транспарентност се предвидени, како што е објавувањето оглас, еднаков третман на економските оператори, известување за склучен договор и слично. Неговата примена овозможува да се применат посебните безбедносни услови кои се неопходни за заштита на системите на критична инфраструктура.

Со измените и дополнувањата се овозможува правна усогласеност и елиминирање на ризикот од погрешна примена на законот. Дополнително, поедноставувањето на формирањето и постапувањето на комисијата која врши проверка на исполнетоста на условите за учество во постапките за набавки за потребите на НАТО и нејзините земји членки, овозможува истата поекономично и поефикасно да постапува и да се обезбеди навремено издавање на потврдите, без да се загрози нивната законитост и кредибилитет и во законски предвидениот рок.

II. ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ РЕШЕНИЈА

Предлогот на закон се заснова на основните начела на Законот за јавните набавки во областа на одбраната и безбедноста, а особено на начелата на

економично и ефикасно искористување на јавните средства како и успешно остварување на целите на своето работење во согласност со прописите кои го регулираат користењето на буџетските и другите јавни средства.

Предлогот на закон, исто така, се заснова на заштита на безбедноста од современите безбедносни ризици, како во информатичката технологија, така и во другите сфери од функционирање на критичната инфраструктура на државата како доверлив партнер на НАТО.

## III. ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОНОТ ВРЗ БУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ЈАВНИ СРЕДСТВА

Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за јавните набавки во областа на одбраната и безбедноста не предизвикува фискални импликации врз Буџетот на Република Северна Македонија.

## IV. ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ, НАЧИНОТ НА НИВНО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, ПОДАТОЦИ ЗА ТОА ДАЛИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛНИ СУБЈЕКТИ

Предлогот на закон не повлекува материјални обврски за одделни субјекти.

## V. СКРАТЕНА ПОСТАПКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Врз основа на членот 175 алинеја 1 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија, имајќи во предвид дека не се работи за сложен и обемен закон, се предлага Собранието да расправа по Предлогот на закон по скратена постапка.

ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЈАВНИТЕ НАБАВКИ ВО ОБЛАСТА НА ОДБРАНАТА И БЕЗБЕДНОСТА

Член 1

Во Законот за јавните набавки во областа на одбраната и безбедноста (*) („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 180/19 и 176/21), во членот 4 по став (2) се додава нов став (3) кој гласи:

„(3) Договорниот орган може да го примени овој закон за набавка на стоки, услуги или работи на критична инфраструктура, како што е дефинирана со прописите за безбедност на мрежни и информациски системи и прописите од областа на одбраната и безбедноста.“.

Член 2

Во член 9 ставот (2) се брише.

Член 3

Во член 50 во ставот (10) зборовите: „економската и финансиската состојба“ се заменуваат со зборовите: „техничката или професионална способност“.

Член 4

Во членот 111-в во ставот (2) зборовите: „Владата на Република Северна Македонија на предлог на Министерството за одбрана“ се заменуваат со зборовите: „министерот за одбрана“.

Ставот (3) се менува и гласи:

„Комисијата од ставот (2) на овој член е составена од три члена и нивни заменици.“.

Ставовите (4) и (5) се бришат.

Ставовите (6), (7), (8) и (9) стануваат ставови (4), (5), (6) и (7).

Член 5

Со денот на влегувањето во сила на овој закон престанува да важи подзаконскиот акт од членот 9 став 2 од Законот за јавните набавки во областа на одбраната и безбедноста (*) („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 180/19 и 176/21).

Член 6

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

# I. ОБЈАСНУВАЊЕ НА СОДРЖИНАТА НА ОДРЕДБИТЕ НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОНОТ

Со членот 1 од Предлогот на законот се предвидува можност за примена на Законот за јавните набавки од областа на одбраната и безбедноста при набавки поврзани со критичната инфраструктура како што е дефинирана со прописите за безбедност на мрежни и информациски системи и прописите од областа на одбраната и безбедноста. Со тоа се адресира потребата од земање предвид на безбедносните аспекти на критичната инфраструктура на земјата за заштита од сајбер и други видови на закани. Современите закани по безбедноста на земјата се повеќе ја опфаќаат критичната инфраструктура и прашањето за нејзина заштита е се поактуелно кај сите сојузници во НАТО.

Со членот 2 од Предлогот на законот се укинува основот за носење на индикативен список на договорни органи од областа на одбраната и безбедноста имајќи предвид дека концептот на законот се заснова на природата на предметот на набавка, а не на видот на договорен орган. Исто така, се овозможува конзистентна примена на законот имајќи предвид дека постоечкиот Индикативен список на договорни органи од областа на одбраната и безбедноста содржи генеричка одредба во членот 2 став 1 алинеја 8 од истиот, која создаваше одредени дилеми во однос на тоа кои се другите договорни органи кои вршат набавки од областа на одбраната и безбедноста.

Со членот 3 од Предлогот на законот се усогласува содржината на одредбата со цел доследна примена и наместо постојниот критериум за утврдување на способност на економскиот оператор „економска и финансиска состојба“ се заменува со критериумот „техничка или професионална способност“.

Со членот 4 од Предлогот на законот се намалува бројот на членови на комисијата која ја врши проверката на исполнетоста на условите за учество во постапките за набавки за потребите на НАТО и нејзините земји членки, а нејзиното формирање ќе се врши од страна на министерот за одбрана. На овој начин, се овозможува поедноставена, поекономична и поефикасна постапка и се обезбедува навремено издавање на потврдите, без да се загрози нивната законитост и кредибилитет и во законски предвидениот рок.

Членот 5 од Предлогот на законот е во контекст на членот 2, односно се укинува постоечкиот Индикативен список на договорни органи од областа на одбраната и безбедноста, со што акцентот на примена на законот се става на природата на предметот на набавка, а не на договорниот орган кој треба истата да ја спроведе.

Со членот 6 се уредува влегувањето во сила на Предлогот на законот.

# II. МЕЃУСЕБНА ПОВРЗАНОСТ НА РЕШЕНИЈАТА СОДРЖАНИ ВО ПРЕДЛОЖЕНИТЕ ОДРЕДБИ

Решенијата содржани во одредбите од овој закон се меѓусебно поврзани, истите се однесуваат на иста правна работа и како такви прават правна целина и се применливи.

# III. ПОСЛЕДИЦИ ШТО ЌЕ ПРОИЗЛЕЗАТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИТЕ РЕШЕНИЈА

Со предложените измени и дополнувања на Законот за јавните набавки од областа на одбраната и безбедноста ќе се овозможи негова примена кај набавките директно поврзани со системите на критична инфраструктура во Република Северна Македонија, со цел да се земат предвид потребните безбедносни мерки за заштита на истите од современите напади.

## ИЗВОД НА ОДРЕДБИ ОД ЗАКОНОТ ЗА ЈАВНИТЕ НАБАВКИ ОД ОБЛАСТА НА ОДБРАНАТА И БЕЗБЕДНОСТА (*) КОИ СЕ ИЗМЕНУВААТ И ДОПОЛНУВААТ

Член 4

(1) Овој закон се применува за договори кои се доделуваат во одбраната и безбедноста за:

а) набавка на воена опрема, вклучувајќи составни делови и сетови на опремата;

б) набавка на безбедносно - осетлива опрема, вклучувајќи делови, компоненти и/или составни делови на опремата;

в) работи, стоки и услуги директно поврзани со опремата од точките а) и б) на овој став за кој било или за сите елементи од нејзиниот животен век;

г) работи и услуги исклучиво за воени цели или безбедносно - осетливи работи и услуги и

д) услуги или работи за посебни воени цели.

(2) Владата на Република Северна Македонија ја утврдува листата на стоки од ставот (1) на овој член.

Член 9

(1) Секој економски оператор има право да учествува, самостојно или како член на група економски оператори, во постапка за јавна набавка согласно условите од овој закон.

(2) Владата на Република Северна Македонија (во натамошниот текст: Владата) утврдува индикативен список на договорните органи од членот 2 точка 8 од овој закон.

Член 50

(1) Договорниот орган може да побара од економскиот оператор кој учествува во постапката за јавна набавка, да ја докаже својата техничка или професионална способност.

(2) Ако договорниот орган бара докажување на техничката и професионалната способност, во тендерската документација ги наведува документите со кои економскиот оператор треба да ја докаже истата.

(3) Во постапките за доделување на договори за јавна набавка на стоки, услуги или работи техничката и професионалната способност на економскиот оператор може да се докаже:

а) со листа на главните испораки на стоки или изведени услуги во последните три години, вклучувајќи го и нивниот износ, датумите и купувачите (договорни органи или приватните субјекти). Економскиот оператор доказот за извршена испорака на стоките или услугите го доставува во форма на изјави издадени или потпишани од надлежен орган, или во форма на договори, фактури и слични документи. Доколку економскиот оператор испорачувал стоки или изведувал услуги на субјект кој не е договорен орган согласно со овој закон, доказот за извршена испорака на стоките или услугите го доставува во форма на изјава на купувачот или во форма на договори или фактура или, доколку такви документи не можат да се обезбедат од причини вон контрола на економскиот оператор, само со негова изјава за извршени испораки;

б) со листа на работи кои се извршени во последните пет години со приложување на потврда за задоволителна изведба на работите. Во потврдата се наведува вредноста, времето и местото на изведување на работите и наводи дали работите се изведени согласно со правилата на деловно работење и дали се прописно завршени;

в) со наведување на техничкиот персонал и техничките органи кои ќе бидат вклучени во извршувањето на набавката, без оглед на тоа дали тие се вработени кај економскиот оператор или за него изведуваат или ќе изведуваат работи, особено оние задолжени за контрола на квалитетот и при договорите за работи, оние од кои договорниот орган може да бара да изведуваат градби;

г) со опис на техничката опременост и оспособеност на економскиот оператор, мерки кои ги користи за осигурување на квалитет и негова опременост и оспособеност за испитување и истражување;

д) со проверка на производствените капацитети на економскиот оператор или ако е тоа потребно и на неговите капацитети за проучување и истражување, како и на мерките за контрола на квалитетот, која ја спроведува договорниот орган или во негово име ја спроведува надлежен орган во земјата во која економскиот оператор е регистриран. Проверката може да се направи од страна на договорниот орган или по негово овластување од овластен надлежен административен орган на земјата во која економскиот оператор има седиште, под услов тој орган да се согласува да го изврши прегледот;

ѓ) со докази за образовните и професионални квалификации на економскиот оператор или на неговиот стручен кадар и особено на лицата кои се одговорни за давање на конкретната услуга или извршување на конкретните работи;

е) со наведување на мерките за управување со животната средина кои економскиот оператор ќе ги применува при реализација на договорот за јавна набавка на услуги или работи, доколку тоа е соодветно на предметот на набавката;

ж) со изјава за просечниот годишен број на вработени и за бројот на технички кадар во последните три години;

з) со изјава за алатките, материјалите и техничката опрема, бројот на вработени и изворите на снабдување, вклучувајќи ја и локацијата, доколку тоа е на територијата на трета земја, кои на економскиот оператор ќе му бидат на располагање за извршување на набавката, за исполнување на евентуалните поголеми потреби на договорниот орган, поради криза или за обезбедување одржување, модернизација или адаптација на материјалите кои се предмет на набавката;

ѕ) со наведување на делот од набавката кој понудувачот има намера да го изведе со подизведувач;

и) за стоките што треба да се набават:

- со мостри, опис или фотографии на производи кои се предмет на испорака, а чија веродостојност економскиот оператор е должен да ја потврди доколку тоа го побара договорниот орган и

- со сертификати и извештаи издадени од надлежни тела за контрола за квалитет со признаена компетентност, а кои ја тестираат погодноста на производите што јасно била утврдена со упатувањата кон спецификациите и стандардите;

ј) за набавки на воена опрема, со соодветна дозвола или согласност за нејзино производство и тргување која се издава во согласност со прописите со кои се регулира производството или прометот со воена опрема. Доколку земјата каде економскиот оператор има седиште не издава ваква дозволата, наместо доказ економскиот оператор приложува изјава дека во земјата каде што има седиште, нема обврска за добивање посебна дозвола за производство или трговија на воена опрема.

(4) Во случај на договори кои вклучуваат класифицирани информации, договорниот орган ја проверува способноста на економските оператори согласно со одредбите од овој закон.

(5) Техничката и професионалната способност на економскиот оператор можат да бидат поддржани од друг субјект, без оглед на правните врски меѓу економскиот

оператор и тој субјект, освен во делот на референтната листа и претходно склучените договори.

(6) Ако економскиот оператор ја докажува својата техничка или професионална способност повикувајќи се на поддршката од друг субјект согласно со ставот (5) на овој член, тој е должен да ја докаже поддршката со валиден доказ дека тој субјект ќе му ги стави на располагање на економскиот оператор соодветните технички и професионални ресурси. Против субјектот кој ја обезбедува техничката или професионалната поддршка не смее да е изречена правосилна пресуда за учество во криминална организација, корупција, измама или за перење на пари.

(7) Ако економски оператори поднесат групна понуда или пријава за учество, техничката и професионалната способност се докажува со земање предвид на ресурсите на сите членови на групата. Ако групата на понудувачи или кандидати настапува со техничка или професионална поддршка од трет субјект или трети субјекти, техничката и професионалната способност се утврдуваат согласно со ставот (6) на овој член.

(8) Во постапките за јавна набавка каде предмет е набавка на стоки кои вклучуваат и нивна инсталација или вградување, обезбедување на услуги или изведување на работи, способноста на економските оператори може да се оценува особено во однос на неговите вештини, успешност, искуство и сигурност, на начин дефиниран од страна на договорниот орган во тендерската документација.

(9) Договорниот орган во огласот за јавна набавка или во тендерската документација наведува кои начини на докажување од ставот (6) на овој член ќе ги смета за соодветни.

(10) Ако од која било оправдана причина економскиот оператор не е во можност да ги обезбеди документите што ги бара договорниот орган, тој може својата техничка или професионална способност да ја докаже со други документи кои договорниот орган ги смета за соодветни, под услов тие да даваат реална слика за економската и финансиската состојба на економскиот оператор.

Член 111-в

Начин на издавање на потврда за исполнетоста на условите за учество во постапките за набавки за потребите на НАТО и нејзините земји членки

(1) За добивање на потврда за исполнетоста на условите за учество во постапките за набавки за потребите на НАТО и нејзините земји членки, економските оператори поднесуваат барање со потребната документација до Министерството за одбрана.

(2) Проверката на исполнетоста на условите за учество во постапките за набавки за потребите на НАТО и нејзините земји членки, Министерството за одбрана ја врши преку комисија формирана од Владата на Република Северна Македонија на предлог на Министерството за одбрана.

(3) Комисијата од ставот (2) на овој член е составена од седум членови и нивни заменици и тоа:

- Претседател и негов заменик, вработени во Министерството за одбрана,
- Два члена и нивни заменици, вработени во Министерството за одбрана,
- Член и заменик, вработени во Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија,
- Член и заменик, вработени во Министерството за економија,
- Член и заменик, вработени во Управата за јавни приходи и
- Член и заменик, вработени во Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации.

(4) Административно – техничка поддршка на работата на комисијата од ставот (2) на овој член обезбедува Министерството за одбрана.

(5) Комисијата од ставот (2) на овој член донесува деловник за својата работа.

(6) Комисијата од ставот (2) на овој член ја проверува исполнетоста на условите преку увид во документацијата, а доколку е потребно и преку увид во просториите на самите економски оператори.

(7) За исполнетост на условите за добивање на потврдата од ставот (1) на овој член, комисијата од ставот (2) на овој член одлучува со мнозинство на гласови од вкупниот број на членови на комисијата и доставува предлог за издавање потврда до министерот за одбрана или до од него овластено лице, во рок од 30 работни дена од денот на добивање на барањето.

(8) Министерот за одбрана или лицето овластено од него во рок од три работни дена од добивање на предлогот на комисијата, ја издава потврдата од ставот (1) на овој член, која покрај на македонски јазик се издава и на еден од официјалните јазици на НАТО.

(9) Начинот на проверка и потврдување на исполнетоста на условите за учество во постапките за набавки за потребите на НАТО и нејзините земји членки, како и содржината на потврдата за исполнетоста на условите за учество во постапките за набавки за потребите на НАТО и нејзините земји членки поблиску ги пропишува министерот за одбрана.